# Татјана Џорлева

е пијанистка од Македонија која има широка концертна дејност во својата земја, како и надвор од неа. Магистерските студии по пијано ги завршува со највисок просек на Факултетот за музичка уметност - Скопје во класата на проф. Стела Слејанска - Стојаноска. Докторските студии по пијано и интерпретација ги завршува во истата класа, а научно-истражувачката дејност на докторатот ја работи под менторство напроф. Димитрије Бужаровски. Во текот на своето образование работи со врвни педагози од кои се издвојуваат проф. Алекс дел Виње, Марчела Крудели, Рита Кинка, Андреј Диев итн. Добитник е на бројни награди и признанија меѓу кои се издвојуваат неколку први награди на Републичко ниво и втора награда на Интернационалниот музички натпревар "Интерфест" Битола. Како солист одржува концерти во: Црква в."Северин"-Париз (Франција), "Teatro Gurcci" Барлета-Италија, Рим-Италија, Вила Медичи-Италија, Салцбург-Австрија, Софија, Белград, Загреб и концерти низ повеќе градови во Македонија како и концерти во рамките на Штипско лето, Скопско лето, Охридско лето, Музика Вива, Балкански класичен музички фестивал, Модоарс, Денови на македонска музика, Шопенова вечер поповод 200 год од раѓањето на Шопен. Има реализирано многу снимки за потребите на интернет радиото на ФМУ-Скопје и Македонска Радио и Телевизија-Скопје. Како солистучествува на бројни концертни настани воорганизација на Францускиот културен ценѕат, Британскиот совет, Културно информативниот центар итн. Има реализирано голем број соработки со Македоски композитори (Бужаровски, Коларовски, Зографски, Гајдов). Член е на квартетот "Фонетико" - две пијана и двајца перкусионисти со кој постигнуваат голем успех на концертната сцена. Џорлева е активен член на дуото Гацева-Џорлева. Првата турнеа е остварена 2004 со концерти на Скопско лето, Штипско културно лето и други градови низ Македонија.Последната турнеа е реализирана во2014. Исто така е член и од дуото Џорлева-Потевска. Покрај бројните настапи се вбројува и првата награда и златниот медал во категоријата за возрасни на интернационалниот музички фестивал "Култура и музика" Барлета-Италија. Како заеднички успех се издвојува и Балканската турнеа во 2010 за промоција на Македонската современамузика и македонската култура со високо оценетите целовечерни концерти во Софија-Бугарија, Нови Сад,Белград, Шабац-Србија, Скопје, Штип,Охрид и Битола-"Бит Фест". Во 2013 г. го издаваат своето заедничко ЦД за камерна музика и методика на наставата по пијано на Факултетот за музичка уметност во Штип. Џорлева има изготвено повеќе рецезирани скрипти по методика на наставата по пијано за потребите на студентите.

